МАКПРОМЕТ АД Штип
0202-164
01.03.2019 година

Годишно собрание

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИЛИНДЕН 2002 ДООЕЛ ШТИП
# ЗА 2018 ГОДИНА

# Годишен извештај за работењето на
# ИЛИНДЕН ДООЕЛ Штип

## I .Податоци за друштвото:

Друштвото за производство и продажба на производи од хартија и картони Илинден 2002 ДООЕЛ со седиште на ул .д-р Слободан Јовановски бр. 3 Штип е основано од АД Макпромет на 28.04.1998 год. Доминантен и единствен сопственик на друштвото е АД Макпромет Штип. Друштвото ги има усогласено своите акти согласно Законот за трговски друштва и неговата регистрација е евидентирана во Централниот регистар на Република Македонија. Друштвото е регистрирано како заштитно друштво.
Основна дејност на друштвото е производство на хартија, целулоза и предмети од хартија со шифра на дејноста 58.19. Во истото на крајот од годината има 36 вработени (38 вработени во 2017 год.).

## II .Фактори кои влијаат врз работењето на друштвото

Општите услови на стопанисување на ниво на целата држава неминовно се рефлектираа и на работењето на Илинден 2002 Штип. Покрај економскиот амбиент битно влијание на работењето имаше и:

- зголемената конкуренција на пазарот;
- долгогодишно градење на коректни односи со комитентите;
- интересот за продолжување на соработката со голема доверба.

## III . Основни финансиски извештаи

Состојбата на друштвото со остварените финансиски резултати е прикажана во скратениот Извештај за добивка/загуба и сеопфатна добивка кој е даден во продолжение.

### Извештајот за добивка/загуба и сеопфатна добивка

| | 31 декември 2018<br>000 МКД | 31декември 2017<br>000 МКД |
|---|---|---|
| **Приходи од продажба (вкупни)** | **70.657** | **68.372** |
| Приходи од продажба во земјата | 66.610 | 65.967 |
| Останати приходи | 4.047 | 2.405 |
| Промена на залихата | 250 | (638) |
| **Вкупни расходи од работењето** | **57.773** | **58.749** |
| **Финансиски приходи** | **377** | / |
| **Финансиски расходи** | **22** | **145** |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | **13.489** | **8.840** |
| Останата сеопфатна добивка | 13.489 | 8.840 |
| Данок на добивка | / | / |
| **Нето добивка за деловната година** | **13.489** | **8.840** |

Состојбата на друштвото поврзана со средствата, обврските и главнината е претставена во продолжение во скратената форма на:

**Извештајот за финансиската состојба**

| | 31 декември 2018<br>000 МКД | 31 декември 2017<br>000 МКД |
|---|---|---|
| Нематеријални и материјални средства | 19.970 | 15.173 |
| **Вкупно нетековни средства** | **19.970** | **15.173** |
| Залихи | 7.288 | 7.748 |
| Побарувања и АВР | 67.638 | 70.162 |
| Парични средства | 2.714 | 1.329 |
| **Вкупно тековни средства** | **77.640** | **79.239** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **97.610** | **94.412** |
| **Главнина и резерви** | **58.715** | **45.226** |
| Главнина | 584 | 584 |
| Резерви | 89 | 89 |
| Акумулирана добивка | 44553 | 35.713 |
| Добивка за деловната година | 13489 | 8.840 |
| Нетековни обврски | / | / |
| Тековни обврски | 38.895 | 49.186 |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | **97.610** | **94.412** |

## IV.Анализа на основните финансиски показатели

Во 2018 год. друштвото оствари позитивен финансиски резултат во износ од 13.489 илјади ден. И покрај отежнатите услови на работа остварен е позитивен финансиски резултат пред се како резултат на максимално залагање на вработените за подигнување на квалитетот на услугите спрема корисниците.

Остварените оперативни приходи во 2018 година во износ од 70.657 илјади ден. се состојат од:

- приход од продажба на производи на домашниот пазар во износ од 66.131 илјади ден.
- приходи од продажба на суровини во износ од 479 илјади ден.
- приходи од отпис на обврски во износ од 3.589 илјади ден.
- приходи од наплата на штети во износ од 195 илјади ден.
- и останати приходи во износ од 263 илјади ден.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 57.773 илјади ден. и се состојат од:

- трошоци за суровини и материјали и електрична енергија во износ од 21.186 илјади ден.
- набавна вредност на продадени стоки во износ од 12.043 илјади ден.
- набавна вредност на продадени материјали во износ од 1.244 илјади ден
- услуги кои имаат карактер на материјални трошоци во износ од 3.032 илјади ден.
- останати трошоци од работењето во износ од 5.164 илјади ден.
- трошоци за плати и други надоместоци на вработените во износ од 13.618 илјади ден.
- амортизација на материјални и нематеријални средства во износ од 1.143 илјади ден.

- вредносно усогласување на тековните средства во износ од 341 илјади ден. и
- останати оперативни трошоци во износ од 2 илјади ден.

Вкупната вредност на средствата изнесува 97.610 илјади ден. од кој износ на нетековните средства отпаѓа 19.970 илјади ден. а на тековните средства 77.640 илјади ден. Во 2018 година друштвото има набавки на опрема и инвестиции во тек во износ од 5.941 илјади ден. Тековните средства бележат незначителни намалувања во однос на претходната година пред се како резултат на намалувањата на побарувањата од купувачите кои во 2018 година изнесуваат 49.308 илјади ден. а во претходната година беа во износ од 53.529 илјади ден. Вкупните обврски на друштвото во 2018 година изнесуваат 38.895 илјади ден. Друштвото нема долгорочни обврски. Тековните обврски исто така бележат намалување во однос на претходната година за 10.291 илјади ден. како резултат на навременото сервисирање на истите спрема поврзаните субјекти. Во наредната година се планира да се задржи ваквиот тренд на работа односно остварување на позитивни финансиски резултати со максимално ангажирање на вработените.

**V.Политика на управување со ризиците**

Во своето работење Илинден 2002 ДООЕЛ Штип е изложено на повеќе видови финансиски ризици како што се: пазарен ризик, кредитен ризик и ризик на ликвидноста.
Кај ризикот промена на пазарните цени друштвото е изложено на ризикот за промена на цената на суровините на кои не може да делува.
Исто така е изложена на кредитниот ризик поради неможноста навреме да се наплатат побарувањата од купувачите.
И покрај ваквите проблеми друштвото немаше проблеми со ликвидноста односно навреме ги извршуваше своите обврски спрема доверителите.

**VI.Развој на друштвото во 2019 година**

Во 2019 год. Илинден 2002 ДООЕЛ Штип своето внимание ќе го насочува кон зголемување на приходите од продажба на производи и услуги, активностите во насока на максимално ангажирање на вработените, намалување на трошоците и максимално искористување на капацитетот.

Со залагањето на менаџерскиот тим во насока на истражување на пазарот ќе се создадат претпоставки за остварување на поголем позитивен финансиски резултат.

МАКПРОМЕТ АД ШТИП
Одбор на директори
Пиха Стерјова
Ленче Ѓорѓиева
Миле Атанасов